РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ТУРСКИ ТЕАТАР
Бр. 04-283/1
16.10. 2019 год.
СКОПЈЕ

Национална Установа ТУРСКИ ТЕАТАР - СКОПЈЕ
Milli Kurum TÜRK TİYATROSU - ÜSKÜP
National Institution TURKISH THEATRE - SKOPJE

Врз основа на член 77-е став 5 и член 77-ж став 1 од Законот за културата (Службен весник на РМ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18), член 12 став 2 точка 18 од Статутот на НУ Турски театар Скопје и по поднесениот Предлог за избор на кандидати за вработување од страна на Комисијата за постапката за вработување, в.д.директорот на ден 16.10.2019 г., ја донесе следната

**О Д Л У К А**

за избор на кандидати за вработување

1.За работното место Актер-четврта група се избираат следните кандидати:

-Хакан Даци
-Јеткин Сезаир
-Един Јакубовиќ
-Танер Сулејман
-Бурханедин Ибрахим
-Ебру Мусли
-Емине Халил
-Инес Радончиќ
-Жале Османи
-Слаѓана Вујошевиќ

2.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

***О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е***

На ден 13.09.2019 година НУ Турски театар Скопје објави Јавен оглас за вработување на определено време од 5 (пет) години за работното место Актер-четврта група, 10 (десет) извршители во дневните весници Нова Македонија, Слободен печат и Коха. По спроведената административна селекција за проверка на доказите на ден 09.10.2019 година, Комисијата за постапка за вработување на аудиција ги повика кандидатите кои доставиле комплетна документација и кои ги исполнуваат условите за продолжување на аудиција која се одржа на ден 13.10.2019 г. За спроведената аудиција на секој кандидат, секој член од Комисијата поединечно достави листа со способности и бодување (образложение за истите), средни бодови и конечна Ранг-листа на бодови за актери-мажи и Ранг-листа на бодови за актери-жени.
Комисијата за постапка за вработување до в.д. директорот поднесе Предлог за избор на кандидати со најмногу освоени бодови, за што в.д.директорот одлучи да согласно потребите на установата да избере 5 (пет) кандидати со најмногу освоени бодови од предложената Ранг-листа со бодови-мажи и 5 (пет) кандидати со најмногу освоени бодови од предложената Ранг-листа со бодови-жени.

Согласно горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:**Незадоволниот кандидат има право на жалба во рок од 8 дена од денот на донесувањето на Одлуката до Управниот одбор на НУ Турски театар Скопје.

НУ Турски театар Скопје
В.д.директор
Несрин Таир

ul Nikola Martinovski 41, 1 000 Skopje, Makedonija >https://m.facebook.com/uskupturktiyatrosu
e-mail turskiteatar@t.mk/http://turskiteatar.mk>Tel/fax:389 02 32 96 581